# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

Број 38 2024

# О П Ш Т И Н А  П Е Т Р О В Е Ц

ПЕТРОВЕЦ - ЈУНИ 2024 год.

# Содржина

1.Решение за објавување на Одлуката за давање на користење и управување на фудбалскиот терен во н.м Петровец.....................................................................................................................

2.Одлука за давање на користење и управување на фудбалскиот терен во н.м Петровец на Ф.К Петровец, Петровец.....................................................................................................................

3. Решение За објавување на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на договор за воспоставување на Јавно-Приватно Партнерство за системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој во Општина.......................................................................................................

4. Одлука за за избор на најповолна понуда за доделување на договор за воспоставување на Јавно-Приватно Партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој во Општина....................................................................

5.Решение За објавување на Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација со намена Г2.2- згради од прехрамбена индустрија-фабрички комплекси, индустриски работилници, хали за мнотажа, скалдови, топлани,генераторски станици и слично за ГП 9.3 од УПВНМ за Мултифункционална зона дел од БЛОК 9, ИЗРАБОТЕН ОД Друштво за проектирање, трговија и инжинеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, со тех.бр.13/24 од април 2024 година .......................................................................................................................

6.Одлука за за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација со намена Г2.2-згради од прехрамбена индустрија-

**фабрички комплекси, индустриски работилници, хали за монтажа, складови, топлани, генераторски станици и слично за ГП 9.3 од УПВНМ за Мултифункционална зона - изменување и дополнување, во КО Ќојлија, општина Петровец..........................................................................................................**

**7. Решение за објавување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Општина Петровец за ЈОУДГ – Авионче Петровец...........................................................................**

**8. Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Петровец за ЈОУДГ Авионче – Петровец..........................................................................................**

Врз основа на член 50 став(1) точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.05/2002) и член 76 од Статутот на Општина Петровец (Службен Гласник на Општина Петровец бр.09/06), Градоначалникот на Општина Петровец донесува:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Одлуката за давање на користење и управување на фудбалскиот терен но н.м Петровец на Ф.К Петровец, Петровец**

**Член 1**

Се објавува **Одлуката за давање на користење и управување на фудбалскиот терен во н.м Петровец на Ф.К Петровец, Петровец**

што Советот на Општина Петровец ја донесе на седницата одржана на 24.06.2024 година.

**Член 2**

Решението влегува во сила со денот на неговото донесување, а ке се објави во Службен Гласник на Општина Петровец.

**Бр.08-1658/1**
**25.06.2024 г**

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Г р а д о н а ч а л н и к**
**Борче Митевски с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 и член 64 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.05/2002), член 19 од Статутот на Општина Петровец (Сл.гласник бр. 09/06), Советот на Општина Петровец на седницата одржана на ден 24.06.2024 г. ја донесе следната:

## ОДЛУКА
### за давање на користење и управување на фудбалскиот терен во н.м Петровец на Ф.К. Петровец, Петровец

**Член 1**

Фудбалскиот терен во н.м Петровец се предава на користење и управување на Фудбалскиот клуб Петровец, Петровец

**Член 2**

Фудбалскиот терен, Фудбалскиот клуб Петровец, Петровец е должен да:

- го користи наменски и исклучиво за спортска намена и спортски активности;
- тековно и инвестициски да го одржува теренот;
-фудбалскиот терен може да го изнајмува на други спортски клубови исклучиво за спорт и спортски активности, по претходна добиена согласност од Советот на Општина Петровец
- средствата добиени од надоместокот за изнајмување на теренот на други правни субјекти да ги користи строго наменски согласно своите планови и програми и за тоа да се доставуваат финансиски извештаи до Општина Петровец на квартално ниво.

**Член 3**

Фудбалскиот терен во н.м. Петровец се дава на Фудбалскиот клуб, Петровец, Петровец на користење и управување на неограничен рок без надоместок.

**Член 4**

Фудбалскиот клуб Петровец, Петровец, е долежен теренот на своја сметка да го одржува во функционална состојба и за истиот да се грижи како добар домаќин.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на Општина Петровец.

Бр.07-1592/2
25.06.2024 г

**Совет на Општина Петровец**
**Претседател,**
**Блаже Никчевски с.р**

Врз основа на член 50 став(1) точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.05/2002) и член 76 од Статутот на Општина Петровец (Службен Гласник на Општина Петровец бр.09/06), Градоначалникот на Општина Петровец донесува:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на договор за воспоставување на Јавно-Приватно Партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој во Општина Петровец**

**Член 1**

Се објавува **Одлуката за за избор на најповолна понуда за доделување на договор за воспоставување на Јавно-Приватно Партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој во Општина Петровец**

што Советот на Општина Петровец ја донесе на седницата одржана на 24.06.2024 година.

**Член 2**

Решението влегува во сила со денот на неговото донесување, а ке се објави во Службен Гласник на Општина Петровец.

**Бр.08-1658/2**
**25.06.2024 г**

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Г р а д о н а ч а л н и к**
**Борче Митевски с.р**

Врз основа на член 24 став 2, а в.в. со член 36 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на РМ " Бр. 05/02), член 15 и член 21-а став 1 в.в став 3 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство (Сл.Весник на РМ бр.6/12,144/2014, 33/2015, 104/2015 и 215/2015 и 153/19) и член 19 од Статутот на Општина Петровец (,,Службен гласник на Општина Петровец.,, бр. 09/06), Одлуката за усвојување на физибилити студија за оправданост од воспоставување на договор за јавно приватно партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во општина Петровец бр.07-2785/6 од 22.12.2023 година, (Службен гласник на општина Петровец број 32/23 ), Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во општина Петровец бр.07-2785/5 од 22.12.2023 година (Службен Гласник на општина Петровец број 32/23) и Извештајот од спроведената постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во општина Петровец бр. 08-1255/12 од 06.06.2024 година година, Советот на Општина Петровец на 38-та седница, одржана на ден 24.06.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за избор на најповолна понуда за доделување на договор за воспоставување на Јавно-Приватно Партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој во Општина Петровец**

Член 1

Советот на општина Петровец, по спроведената постапка по Оглас бр. 06767 од 12.04.2024 година, за доделување на договор за воспоставување на јавно-приватно партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој во општина Петровец (во понатамошниот текст договор за јавно-приватно партнерство), ја избира понудата бр. 08-1255/1 од 14.05.2024 година, поднесена од понудувачот: ДТПУ ЕЛМОНД ЕЛЕКТРО ДОО експорт-импорт, Скопје (во понатамошниот текст Приватен партнер).

**Член 2**

Советот на општина Петровец го имаше предвид извештајот на Комисијата од спроведената евалуација на понудата поднесена од понудувачот наведен во член 1 од ова одлука, при што констатира дека понудата е во рамките на предвидените финансиски средства за спроведување на договорот за воспоставување на ЈПП, како и тоа дека понудата ги задоволува сите предвидени услови и критериуми утврдени во тендерската документација.

- Замена на постојните 1647 светилки во првите 6 (шест) месеци од потпишување на договорот за ЈПП, со енергетски ефикасни ЛЕД светилки од 2 (два) типа на светлосни арматури со моќност:

Тип 1 помала од 35 W (266 парчиња), Тип 2 помала од 10 W (1381 парчиња) со карактеристики утврдени во физибилити студијата и нивно одржување, со што ќе се намали потрошувачката на електрична енергија.

- Изместување на опремата од ТС на ЕВН во посебни ормари и воведување на управување и мониторинг на системот во првите 6 (шест) месеци од потпишување на договорот за ЈПП, преку имплементација на централни сегментни контролери во 17 ормари.
- Воспоставување на систем 48 часа, како и одржување на светиликите што подразбира целосна ефективност и функционалност на светилките за целиот оперативен период на важност на договорот за ЈПП.

Член 3

Предмет на договорот за воспоставување на ЈПП е модернизација на системот за јавно осветлување во општина Петровец со примена на модел на јавно-приватно партнерство (ЈПП).

Член 4

Времетраењето на договорот за јавно-приватно партнерство е 8 години, а започнува да тече од датумот на потпишување на договорот.

Член 5

Приватниот партнер е должен да го потпише договорот за јавно-приватно партнерство во рокот на важност на понудата и да ги почитува сите рокови кои се утврдени во тендерската документација.

Член 6

Вкупниот надоместок во период од 8 години што општина Петровец ќе го исплати на приватниот партнер врз основа на најниско доствената прифатлива понуда е 31.680.000,00 денари без ДДВ поделено на 96 еднакви месечни надоместоци.

Член 7

Се задолжува градоначалникот на општина Петровец да го потпише договорот за ЈПП со приватниот партнер, а во рок од 10 дена по потпишувањето на истиот да формира Комисија составена од 3 члена за следење на реализација на договорот за ЈПП од кои 2 (два) од општина Петровец и 1 (еден) од приватниот партнер.

Член 8

Одлуката ќе се објави во Службен весник на Република Северна Македонија и во Службен гласник на општина Петровец.

Член 9

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Петровец".

**Образложение**

Врз основа на иницијативата на градоначалникот на општина Петровец, Борче Митевски, за развивање на проект за подобрување на квалитетот на комуналната услуга - јавно осветлување, а врз основа на член 16 став 2 алинеа 1 од Законот за концесии и Јавно-Приватно Партнерство (ЈПП), изготвен е Извештај за претходна анализа за основните елементи на проектот за воспоставување на договор за воспоставување на Јавно-Приватно Партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој во Општина Петровец.

Согласно извештајот за претходна анализа општината избра консултант кој изработи Физибилити студија студија за оправданост од воспоставување на договор за јавно приватно партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во општина Петровец, која е усвоена од Советот на општината со Одлуката за прифаќање на физибилити студија за оправданост од воспоставување на договор за јавно приватно партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во општина Петровец бр.07-2785/6 од 22.12.2023 година, советот на општина Петровец ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во општина Петровец бр.07-2785/5 од 22.12.2023 година, објавена во Службен Гласник на општина Петровец број 32/23, врз основа на која градоначалникот формира Комисија за спроведување на постапката.

Од страна на Комисијата за јавна набавка е изготвена тендерска документација, согласно која на 12.04.2024 година е објавен Оглас за спроведување на отворена постапка за доделувње на договор за воспоставување на Јавно-Приватно Партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој во општина Петровец. бр. 06767/2024.

Огласот е објавен на 12.04.2024 година, а отварањето се одржа на 14.05.2024 год.

На денот закажан за отварање на понудите 14.05.2024 година, пристигна една понуда, Комисијата во присуство на овластени претставници на подносителите на понудата ја отвори пристигнатата понуда со бараните мустри, при што констатира дека истата е поднесена во предвидениот рок, а е поднесена од понудувачот: ДТПУ ЕЛМОНД ЕЛЕКТРО ДОО експорт-импорт, Скопје.

Комисијата изврши евалуција на понудата при што констатира дека понудата е во рамките на предвидените финансиски средства за спроведување на договорот за воспоставување на ЈПП, како и тоа дека понудата ги задоволува сите предвидени услови и критериуми утврдени во тендерската документација.

Со оглед на тоа што е доставена само една една понуда не е спроведена електронска аукција,

Конечна цена на понудата е 31.680.000,00 денари без ДДВ, износ кој општина Петровец во период од 8 години ќе го исплаќа на приватниот партнер на 96 еднакви месечни надоместоци.

Комисијата изготви извештај за спроведената постапката со кој предлага советот на општина Петровец да донесе одлука за избор на најповолна понуда за доделување на договор за воспоставување на Јавно-Приватно Партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој во Општина Петровец, врз основа на која градоначалникот ќе го склучи Договорот за воспоставување на ЈПП.

**ПРАВНА ПОУКА**: Согласно член 138 од Законот за јавните набавки (Службен Весник на РМ број 24) против одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на договор за воспоставување на ЈПП за модернизација на системот за јавно осветлување преку финансирање, реконструкција, може секој економски оператор кој има правен интерес за добивање на договорот или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да изјави жалба во рок од 10 дена по приемот на одлуката преку општина Петровец до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Совет на Општина Петровец
Претседател
Блаже Никчевски с.р

Бр.07-1592/3
25.06.2024 г

Врз основа на член 50 став(1) точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.05/2002) и член 76 од Статутот на Општина Петровец (Службен Гласник на Општина Петровец бр.09/06), Градоначалникот на Општина Петровец донесува:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација со намена Г2.2- згради од прехрамбена индустрија-фабрички комплекси, индустриски работилници, хали за мнотажа, скалдови, топлани,генераторски станици и слично за ГП 9.3 од УПВНМ за Мултифункционална зона дел од БЛОК 9, ИЗРАБОТЕН ОД Друштво за проектирање, трговија и инжинеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, со тех.бр.13/24 од април 2024 година**

**Член 1**

Се објавува **Одлуката за за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација со намена Г2.2- згради од прехрамбена индустрија-фабрички комплекси, индустриски работилници, хали за мнотажа, скалдови, топлани,генераторски станици и слично за ГП 9.3 од УПВНМ за Мултифункционална зона дел од БЛОК 9, ИЗРАБОТЕН ОД Друштво за проектирање, трговија и инжинеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, со тех.бр.13/24 од април 2024 година**

што Советот на Општина Петровец ја донесе на седницата одржана на 24.06.2024 година.

**Член 2**

Решението влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Петровец.

**Бр.08-1658/3**
**25.06.2024 г**

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Г р а д о н а ч а л н и к**
**Борче Митевски с.р**

Врз основа на член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.", бр. 32/20) и член 62 од Законот за локалана самоуправа (Службен весник на Р.М.", бр. 05/02), Советот на Општина Петровец, на ден 24.06.2024 година, ја донесе следната:

Одлука

за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација со намена Г2.2-згради од прехрамбена индустрија-фабрички комплекси, индустриски работилници, хали за монтажа, складови, топлани, генераторски станици и слично за ГП 9.3 од УПВНМ за Мултифункционална зона - изменување и дополнување, во КО Ќојлија, општина Петровец.

Член 1

Се донесува Урбанистички проект со план за парцелација со намена Г2.2-згради од прехрамбена индустрија-фабрички комплекси, индустриски работилници, хали за монтажа, складови, топлани, генераторски станици и слично за ГП 9.3 од УПВНМ за Мултифункционална зона дел од Блок 9, изработен Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, со тех.бр.13/24 од април 2024г.

Член 2

За Урбанистички проект со план за парцелација со намена Г2.2-згради од прехрамбена индустрија-фабрички комплекси, индустриски работилници, хали за монтажа, складови, топлани, генераторски станици и слично за ГП 9.3 од УПВНМ за Мултифункционална зона дел од Блок 9, изработен Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, со тех.бр.13/24 од април 2024г.,доставено е позитивно мислење од Комисијата за урбанизам, формирана од Градоначалникот на Општина Петровец согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.", бр. 32/20), а се одобрува со Потврда од страна на Градоначалникот на Општина Петровец и може да се применува по извршениот дигитален преклоп во Агенција за катастар на недвижности.

Член 3

Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација со намена Г2.2-згради од прехрамбена индустрија-фабрички комплекси, индустриски работилници, хали за монтажа, складови, топлани, генераторски станици и слично за ГП 9.3 од УПВНМ за Мултифункционална зона дел од Блок 9, изработен Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, со тех.бр.13/24 од април 2024г на површините за градење на ГП 9.3 УПНВМ Којлија-Мултифункционална зона дел од Блок 9, е составен дел на Урбанистички проект со план за парцелација парцелација со Г2.2-згради од прехрамбена индустрија-фабрички комплекси, индустриски работилници, хали за монтажа, складови, топлани, генераторски станици и слично за ГП 9.3 од УПВНМ за Мултифункционална зона дел од Блок 9.

Член 4

Оваа одлука влегува на сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Петровец.

**Бр.07-1592/4**
**25.04.2024 г**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Претседател**
**Блаже Никчевски с.р**

Врз основа на член 50 став(1) точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.05/2002) и член 76 од Статутот на Општина Петровец (Службен Гласник на Општина Петровец бр.09/06), Градоначалникот на Општина Петровец донесува:

## Р Е Ш Е Н И Е

**За објавување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Општина Петровец за ЈОУДГ Авионче -Петровец**

**Член 1**

Се објавува **Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Општина Петровец за ЈОУДГ Авионче -Петровец**

што Советот на Општина Петровец ја донесе на седницата одржана на 24.06.2024 година.

**Член 2**

Решението влегува во сила со денот на неговото донесување, а ке се објави во Службен Гласник на Општина Петровец.

**Бр.08-1658/4**
**25.06.2024 г**

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Г р а д о н а ч а л н и к**
**Борче Митевски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.„ бр. 05/2002) и член 19 од Статутот на Општина Петровец („Службен весник на Р.М.„ бр. 09/06), Советот на Општина Петровец на седницата одржана на 24.06.2024 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за одобрување на средства од Буџетот на Општина Петровец за ЈОУДГ Авионче - Петровец**

**Член 1**

Се одобруваат средства од Буџетот на Општина Петровец за 2024 година за ЈОУДГ Авионче - Петровец, во висина по исплата до 213.859,00 денари, за исплата на плати за вработените за месец мај и јуни 2024 година .

**Член 2**

Во законска постапка, средствата да бидат обезбедени и исплатени на вработените во ЈОУДГ Авионче - Петровец.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Петровец.

**Бр.07-1592/5**
**25.06.2024 г**

**Совет на Општина Петровец**
**Претседател**
**Блаже Никчевски с.р**